


**Анима Мунди преку посочената Иницијатива за помош на коњите, дава конкретни применливи предлози за превземање на конкретни чекори кои би воделе кон:**

- **Унапредување на благосостојбата на коњите,**
- **Зголемување на безбедноста на сите граѓани во сообраќајот и**
- **Олеснување на животот на граѓаните кои се најранливата и најмаргинализираната категорија граѓани во нашето општество.**

**Сумарно, иницијативата подразбира:**

1) **ИДЕНТИФИКАЦИЈА** на животните на територија на град Скопје и другите урбани општини, нивната психофизичка состојба и секако сопствениците на тие коњи, за што здружението нуди помош; законско регулирање на сопственииштвото на коњите.

**2) ВОВЕДУВАЊЕ ЗАКОНСКА ЗАБРАНА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ВЛЕЧНИ КОЛИ СО КОЊИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ И БРЗИ СООБРАЌАЈНИЦИ**, директна интервенција во законот за **на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата** кој ја уредува ваквата пракса

3) **ИТНО ОДЗЕМАЊЕ НА КОЊИТЕ КОИ СЕ БОЛНИ, СТАРИ, ИЗНЕМОШТЕНИ И НИВНО ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ЛОКАЦИЈА – НАМЕНСКИ ЦЕНТАР ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА за што** нудиме стручна и директна помош, како и во спроведување на едукативни кампањи за хуманост и грижа кон животните со што ќе помогнеме во обезбедување на дополнителни донации од државата и странство.

**3.1.** ) **Засилување на надлежностите на ЕЛС** , т.е. во рамки на Одлуките за комунален ред на општините (пред се граските општини) да се воведат **одредби со кои се за забранува движење** на запрежни коли или само коњи по коловозите и нивно напасување на јавни површини

4. **ОБЕШТЕТУВАЊЕ НА ЛИЦАТА КОИ ГО КОРИСТЕЛЕ КОЊОТ КАКО ПРЕВОЗНО СРЕДСТВО И НАЧИН ЗА ЗАРАБОТКА/ПРЕЖИВУВАЊЕ,** т.е. да им се овозможат начини да дојдат до средства за живот и превозно средство; да им се понуди решение и даде соодветно превозно средство со кое ќе продолжат да ја вршат нивната работа - кое ќе им помогне безбедно и непречено да се движат во сообраќајот. Со тоа ќе се помогне/ олесни нивното живеење, а нивната собирачка активност ќе се подигне на повисоко ниво, да добијат статус на работници или помошници на Јавните Комунални претпријатија, кои со својата работа помагаат во рециклирањето на сметот.

**Со оглед на важноста на оваа Иницијатива инсистираме истата да биде ургентно разгледана и очекуваме да се пристапи кон законски измени, процес во кој сакаме да бидеме инволвирани.**

Со почит,
Активисти на Анима Мунди